**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**од Првото продолжение на Сто и деветата седница на Собранието на Република Македонија**
**одржана на 13 јуни 2002 година**

Седницата се одржа во зградата на Собранието, сала 1, со почеток во 14,30 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Оломан Сулејмани, потпретседател на Собранието на Република Македонија.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Да продолжиме со работа. Едно ме радува, бидејќи имаме пратеници од сите пратнички гурпи, за жал само што немаме кворум за работа. Ве молам, вас како колеги да ги известите вашите колеги, бидејќи на време бевте известени дека седницата ќе почне во 11,00 часот и сега би ве замолил да ги поканиме нашите колеги преку телефони и така вчера направивме голема галама за мобилните телефони, денеска ни се на располагање и сето тоа да биде во полза на она што значи собраниска работа. Седницата ја презакажувам за во 14,00 часот.

(по паузата)

Ги молам службите да ги повлечат картиците на неприсутните пратеници, бидејќи ќе гласаме за наше присуство. Сега, ќе гласаме за нашето присуство на седница и фактички ова гласање ќе важи за добивање на дневници. Сите оние кои нема да бидат присутни овде , нема да им следува дневница.

Ве молам да гласаме за наше присуство.

Во моментот се исполнија условите и можеме да продолжиме со работа, видејќи присутни во салата се 64 пратеници. Истовремено, ве молам да бидете присутни, бидејќи ќе ни треба кворум над 61 пратеник.

Продолжуваме со работа.

Дали има некој предлог за изменување и дополнување на предложениот дневен ред.

За збор се јави г-динот Благоја Стојковски.

**БЛАГОЈА СТОЈКОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници,

Барам дневниот ред на оваа седница, бидејќи седницата има голем број на точки и *ќе* потрае сигурно малку подолго, барам дневниот ред на седницата да се дополни со Информација за состојбата на раселените граѓани од Кумановско-Липковскиот крај, посебно за граѓаните од село Матејче, Опае и Думановце, каде покрај граѓани од албанската националност, живеат и граѓани од македонска, српска и друга националност. На овие граѓани досега од нивното протерување од нивните вековни домови им е овозможено само присуство на претставници и еднаш присуство на поубавиот пол во нивните, односно да ги посетат нивните домови. Досега, на овие граѓани кои живеат во колективните сместувања, сеуште не им е пружена никаква информација за тоа дали нивните разрушени домови од највисока категорија на разрушување ќе бидат обновени, кога *ќе* бидат обновени, бидејќи да гледаме и ова лето време и кога може нешто да се направи заминува и нормално граѓаните бараат да знаат дали ќе им се изградат куќите во село Матејче, Опае и Думановце или во информација да им се каже дали на овие граѓани ќе им се овозможат нови локации, бе им се изградат куќи на нови локации. Што станува со нивните имоти, бидејќи сто постотно население живееше од земјоделство. Нивните ниви останаа неизорани и непосеани.

Барам информацијата од Влада да биде поставена на дневен ред на денешнава седница, за да можат овие граѓани навистина да бидат информирани што Владата на РМ ќе превземе. Благодарам.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Му благодарам на г-динот Стојкобски.

Дали претставникот на Владата ќе објасни во врска со предлогот на господинот?

Бидејќи немаме претставник од Владата, предлогот морам да го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме по Предлогот на г-динот Стојковски.

Се извинувам, сега можете процедурално, бидејќи претходно вашиот предлог го дадов на гласање.

Повелете.

**БЛАГОЈА СТОЈКОВСКИ:**

Потпретседателе, сметам дека побараната информација и тоа како е битна. Не е битна за тие раселени граѓани, туку е битна за сите нас, сите граѓани на РМ. Невозможно е на една. седница, при утврдување на дневен ред да немаме претставни од Владата. Молам, да се повика претставник од Владата. Сметам дека при

утврдувашето на дневниот ред мораме да имаме претставник од Владата, за да се изјасни по барање на пратениците на овој начин. До колку Владата не испраќа свој претставник, тоа значи дека само уште еднаш покажуваме дека Владата е, сепак, и над Парламентот и над се во оваа држава.

Барам да имаме претставник од Владата при утврдување на дневниот ред на Парламентот.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Му благодарам на г-динот Стојковски

Јас ќе дадам 15 минути пауза, се додека не се обезбеди претставник од Владата.

По паузата.

Според она што ми кажува екранот овде 72 картици се ставени во системот. Изгледа дека имаме доволно кворум за работа.

Ги молам службите нека ги пребројат пратениците. Меѓувреме нека ги повлечат картиците на оние кои не присуствуваат.

Колеги пратеници како што знаете дадовме пауза, за да обезбедиме претставник од Владата по Предлогот на г-динот пратеник од СДСМ.

Претставникот од Владата е присутен, меѓутоа, за жал, отсуствуваат пратениците, кои ете не се со нас тука.

Јас ќе морам вашето присуство да го потврдиме со гласање и така

тоа ќе се однесува и за дневниците. Молам да гласаме.

Дополнително ќе бидете известени за седница. Ви благодарам за присуството.

(седницата прекина со работа во 16,15 часот)